**СТОЈАНОВ Трајче** **УДК: 299.2 (049.3)**

# МИШЕЛ ФУКО НА ПРИМЕР: НОВИОТ АТЕИЗАМ КАКО ДИСКУРС НА МОЌ

**Апстракт:** Трудот е критичка анализа на едно движење наречено *Нов атеизам*, чиј претставници, меѓудругите, се Кристофер Хученс, Сем Харис, Ричард Докинс и Даниел Денет. Главната хипотеза во овој труд е дека нивните политички импликации дедуцирани од научните пропозиции, во најдобар случај се неконзистентни, а во најлош случај - едноставно погрешни. Дури и уште повеќе, претпоставуваме дека овие импликации не се ништо повеќе од идеолошка алатка на неолиберализмот и западната хегемонија и нивниот импријализам. Оваа алатка особено е насочена против Исламот, третирајќи го исклучиво како фундаменталистички, при тоа поддржувајќи ја бесмислената теза на Хангтинтон за „судирот на цивилизациите.“ Што е особено загрижувачаки за овој вид атеизам, репрезентиран од Новиот атеизам, е фактот што тој е застапуван од десно ориентираните политики, наместо од левичарите, како што тоа скоро секогаш било случај во историјата. Со тоа, овој вид атеизам станува далеку помилитантен отколку било која друга историска форма на атеизам.

**Клучни зборови**: *Нов атеизам, атеизам, религија, политика, ислам, христијанство, наука марксизам*

## Вовед

Идеите во овој труд се своевидно продолжување на истражувањата за движењето *Нов атеизам*, иницијално започнати во трудот *Новиот атеизам како неолиберално империјалистичко орудие*, подготвен за 4-тата Меѓународна конференцијата *Социјалните промени и глобалниот свет,* во организација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во тој труд ги разгледав социјално-политичките импликации, но и философските конструкции направени од сциентизмот на *Новиот атеизам*. Прво, се критикуваше обидот на *Новиот атеизам* од научната интерпретација на религиозниот феномен да се изведе атеизмот; понатаму се критикуваше нивната погрешна претпоставка за теизмот како незнаење, од што тие погрешно заклучуваат дека атеизмот е нужен резултат на знаењето; и конечно, се укажа на фактот дека социо-политичките импликации кои научниците од *Новиот атеизам* ги изведуваат од претходните ставови, се исто толку, ако не и пофундаменталистички, дури и од најрадикалниот религиозен фундаментализам кој самите го критикуваат. Со тоа, во заклучокот на тој труд го покажав движењето на *Новиот атеизам* како империјалистичка алатка (зло)употребена од западната политика за доминација и супремација над религиозните, особено Исламските движења ширум светот.

Во овој труд таа критика ќе стане исклучиво философска, конструирајќи ја на Фукоовите теории и изразувајќи ја низ Фукоовиот јазик. При тоа, иако во анализата од практични разлози, ќе се фокусирам исклучиво на движењето *Нов атеизам,* очигледно ќе стане дека се работи за сциентизмот и од него произлезениот атеизам воопшто. Денешниот научен напредок создава севкупна сциентистичка култура која има свои значајни импликации, кои овде ќе ги анализирам низ едно конкретно движење, како *Новиот атеизам*, само за полесно да ги извлечем истите.

При тоа, ќе се обидам целото движење да го видам низ Фукоовата диоптрија, со што воедно ќе се покаже една можна **практична употреба** на Фукоовата политичка теорија и нејзината апликација во анализа на еден општествено-политички феномен, во случајов *Новиот атеизам*. Сумарно: ќе

покажеме како *Новиот атеизам* благодарение на односот ***моќ-знаење***, создава своевидна историска ***епистема***, која продуцира соодветен ***дискурс***, но и ***дискурзивна практика***, дури и ***не-дискурзивни практики***, преку кои се креира адекватен ***режим на вистина***, што доведува до ***дисциплинирање***, не само на поведението, ами и на мислата, што во крајна инстанца ја загрозува ***слободата***, сфатена токму во Фукоовска смисла, не како некаква апстракна конструкција и цел, ами како ***практика***. Да ги развиеме детално овие наведени поенти.

**STOJANOV Trajce**

## MICHEL FOUCAULT ON EXAMPLE: NEW ATHEISM-MOVEMENT AS DISCOURSE OF POWER

**Abstract:** This paper is application of the theoretical frame of discourse of knowledge and power invented by Michel Foucault on the contemporary movement called *New atheism* represented by several modern scientist like C. Hitchens, S. Harris, R. Dowkins and D. Dennett.

In my opinion Foucault's analysis of power structures can be applied on this modern scientific and social movement. Through discourse analysis hierarchies may be uncovered and questioned by way of analyzing the corresponding fields of knowledge through which they are legitimated. Thus, analyzing the discourse of the *New atheism*, one can find how knowledge legitimize structures of power of the Western imperialistic states, especially against Muslim countries and Islam in general. Based on this Foucault's analysis, the social-political implications of the *New atheism* are shown as nothing more than mere ideological tool of neoliberalism and western hegemony and their imperialism and in particularly an ideological tool especially directed toward the Muslims and the Islam in general.

Additionally, Foucault was familiar with the Islam and the problems of the Islamic world, not only theoretically, but also practical, because he was involved in Iranian revolution. In the late '70s, he turned his hand to journalism covering Iranian Revolution first-hand and wrote several articles in which he expressed awe of Khomeini's Islamist movement. Foucault's stance toward Islamism was that Islamism was to become a major political force in the region, and that the West must treat it with respect rather than hostility, stance that not only back than but even today sounds rather progressive and provocative.

**Key words:** *New atheism, Islam, religion, knowledge, power, discourse, M. Foucault, C. Hitchens, S. Harris, R. Dowkins, D. Dennett.*

### Новиот атеизам како нова епистема

Во продолжение, со помош на Фукоовиот теориски конструкт за односот помеѓу знаењето и моќта, ќе видиме како преку алатките на знаењето од природните науки се создава „анти-религиозна епистема" која служи како „научна" основа за анимозитетот, а со тоа и милитантниот однос на империјалните западни сили кон Исламот и исламскиот свет, што им служи како подлога за водење на таква, милитантна политика кон овој регион, а во одбрана на сопствените интереси.

Токму и заради ваквата епистема, која креира таков дискурс Сем Харис слободно може да констатира: „Ние сме во војна со Исламот. Можеби да се признае тоа во овој момент не одговара на нашите надворешно-политчки цели, но тоа недвосмислено е така. И тоа не дека сме во војна со инаку мирна религија која сега е `киднапирана` од екстремисти, не, ние сме во војна баш со визијата на живот каква што му е препорачана на секој Муслиман во Коранот […] Единствената иднина во

која Исламот и Западот не се пред амбисот на истребување, е иднината во која повеќето муслимани би научиле да ги игнорираат сопствените религиозни канони, како што тоа го научија повеќето христијани. Но, таквата промена, имајќи ги предвид претпоставките на Исламот, е невозможна." (Harris 2005: 110). Како дојде до ова, и покрај сиот напредок на науката, да се дојде до една ваква констатација?

Со оглед на тоа што во претходниот труд што го споменавме, веќе ги обработивме детално позначајните идеи и ставови на *Новиот атеизам*, овде нема да се задржиме подолго на истите, ами ќе ги издвоиме само оние што се полезни за врзување со идеите на Фуко. Имено, нека биде доволно во оваа прилика да се каже дека во основа претставниците на Новиот атеизам се обидуваат од научната анализа на религионзиот феномен, да извлечат заклучоци кои ќе ги пренесуват во сферата на социјално-политичкото и со тоа да им послужат за политичка критика и интервенција во исламскиот свет.

„Научната" анализа на религиозниот феномен им дава „за право" од позициите на емпириската наука: прво – не само да го истражуваат религиозниот феномен во референтниот систем на емпириската наука, туку второ – дури и да го потврдат или негираат постоењето на Бога токму со сретствата и методите на емпириската наука. Така првата „магија" што сака да ја разбие Даниел Денет во неговата книга „*Breaking the Spell: Religion as a Natural Phenomenon*" е токму тоа – да се дозволи емпириско, научно испитување на религијата: „Магијата што велам дека мора да биде скршена е табуто против искреното, научното и со ништо забранетото истражување на религијата како еден природен феномен помеѓу многуте" (Dennett 2006: 17). Докинс, пак дури е скоро и уверен дека не само што Бог може да се истражува со алатките на емпириската наука и несомнено дека „тоа е научно прашање" – туку дека и „еден ден може и ќе го знаеме одговорот, а во меѓувреме можеме да кажеме нешто прилично силно за веројатноста" (Dawkins 2006: 48).

Но, иако сега со помала или поголема веројатност „знаат" за божјата егзистенција т.е. неегзистенција, тие се однесуваат како веќе со научна, егзактна известност да имаат докажано дека Бог не постои. Во суштина, Новиот атеизам посветува огромно време и енергија директно да **докаже** - значи **докаже** (sic) - дека Бог не постои. Тој обид е двоен: или од научна гледна точка (на астрофизиката, космогонијата, но и на биологијата и еволуциските науки особено)[1], да се покаже како **непотребност**, вишок; или да се подложат аргументите **<u>за</u>** Божјата егзистенција на иманентна критика, т.е. директно да се побијат. Кристофер Хиченс тие критики, мора да се признае, ги прави на прилично досетлив начин, додека Докинс, систематски и методолошки, пак, коректно прави обид да понуди аргументи и во двете насоки. Во четвртата глава, од неговата книга *The God Delusion* - се разбира претпазливо насловена „Why There Almost Certainly is no God" -(Dawkins 2006: 109), тој аргументацијата ја темели на импликациите од еволуциската наука и при тоа (да скратиме), главната теза може да му се сведе на „неверојатност/невозможност" (improbability) на тезата за егзистенција на Бога. Тој, всушност го „пресвртува" теолошкиот аргумент за „неверојатноста" на постоењето на природниот свет без претпоставката **за** Божја егзистенција, во контра-аргумент **против** Божјата егзистенција како „неверојатност". Имено, за теолозите не само што комплексноста на светот е доказ за Божјата егзистенција, туку воопшто е невозможно сета таа комплексност воопшто и да настанала како таква без Бога. Но Докинс смета дека всушност обратното е неверојатно. Бог е вишок во равенката, т.е. од аспект на аргументите на еволуциската наука нема потреба од хипотезата Бог. Ако за теолошкиот ум е „неверојатна" еволуцијата, комплексноста на живиот свет, „убавината", настанокот на космосот и т.н. без Божја интервенција и интенција, Докинс, тврди сосема спротивно дека од аспект на науката, теоријата на еволуција, но и на физиката, токму постоењето на Бог е „неверојатност". „Некои природни феномени се статистички премногу неверојатни, премногу

[1] Секако и од аспект на физиката, тука може да се вброи Стивен Хокинг со неговата последна коавторска книга: Hoking, Stephen and Mlodinov, Leonard (2010) *The Grand Design*. New York: Bantam Books. Во неа се аргументира истата теза како и во теоријата на еволуција: од аспект на физиката овој свет е „самодоволен", нема потреба од воведување на „хипотезата бог."

комплексни, преубави, изнудуваат премногу восхит, за да би можеле да настанат случајно. Затоа, креацијата/создавањето е единствената алтернатива на случајноста што овие автори (креационистите – Т.С.), можат да ја замислат. Затоа нив мора да ги има направено креатор. Креацијата не е единствената алтернатива на случајноста. Природната селекција е подобрата алтернатива." (Dawkins 2006: 121) – заклучува Докинс. Суштинската причина заради која не е потребна претпоставката за креатор, за научниците е фактот дека еволуцијата и принципот на „природна селекција" е доволно објаснувачка, елегантна и моќна хипотеза (Dawkins 2006: 121), која ако се прифати ја исфрла хипотезата за Божјата егзистенција како баласт, како проблем, т.е. како вишок, или како што ќе каже Хиченс директно: „веќе не ни е потребен Бог за да го објасниме она што повеќе не е мистериозно" (Hitchens 2009: 34).

Она што во нашиов случај е важно е што од ваквите анализи тие дедуцираат политички и социјални импликации. Тие ја користат моќта на емпириските науки во служба на една империјалистичка политика на доминација на западниот, американскиот дискурс. Во мигот кога движењето *Нов атеизам* и неговите претставници почнаа да ги прошируваат научните знаења од егзактните науки на полето на општествено-политичкиот дискурс, алармот се запали. Претходно, малку или скоро воопшто не се зборуваше за догматизмот на денешната наука. Поточно, за догматските и - чудно и контрадикторно за науката - конзервативни импликации кои истата ги произведува, охрабрена од нејзините практично-употребливи и оперативно-функционални достигнувања. Супериорноста на научните достигнувања им ги затнуваше устите на сите скептици за да можат да оспорат било каков став суверено изречен од авторитетот на науката. Но, во мигот кога таа почна да се „плетка" надвор од нејзиниот референтен систем и своите импликации да ги проширува на тоталитетот (да станува философија!?), алармот се вклучи; особено заради тоа што ваквите импликации на науката, неретко почнаа да се аплицираат на актуелни настани во меѓународната политика (посебно на анализа на состојбите во исламскиот свет).

Нивниот обид од научната интерпретација на религиозниот феномен да се изведе атеизмот е тенденциозен во најмала рака, а потоа и научно сомнителен, затоа што почива на погрешна претпоставка за теизмот како незнаење, од што тие и погрешно заклучуваат дека атеизмот е нужен резултат на знаењето. Со тоа, социо-политичките импликации кои научниците од *Новиот атеизам* ги изведуваат од нивните научни ставови, се исто толку, ако не и пофундаменталистички, дури и од најрадикалниот религиозен фундаментализам кој самите го критикуваат.[2] Но, сето ова произведе соодветна „епистема" кажано со речникот на Фуко, која суштински го детерминира секој дискурс денеска кој се однесува на религиозниот феномен.

Поимот *епистема* кој Фуко детално го разработува во книгата *The Order of Things*, реферира на (често несвесни) структури кои се подлежечки основи што го продуцираат научното знаење во одредено место и време. Епистеме е сет на премолчени правила што го раководат знаењето, кое на овој начин се покажува историски условено. Епистемата е своевидно „епистемолошко поле" – вели Фуко (Foucault 1989: 24) - кое ги формира **условите за знаењето** воопшто и која епистема, според Фуко, може да се открие со помош на „археологијата" која е единствено способна да ги откопа овие скриени траги од минатото што ја одредуваат сегашноста. Со други зборови, археологијата е поглед во историјата што овозможува разбирање на процесите кои довеле до сегашноста. А сегашноста е битно детерминирана од епистемата на рационализмот која е инаугирана, прво со класичното доба во XVII-от век, а потоа и со добата на модерната која Фуко ја лоцира на почетокот на XIX-от век (Foucault 1989: xxiv). Така што, гледаме дека доминацијата на разумот, која денеска кулминира во сциентистичката култура и конечно во едно вакво движење, како *Нов атеизам* е почната многу одамна. Да се обидеме да ја анализираме денешната „нова епистема", ако може така да се каже, на ова движење. Но, пред тоа, уште еднаш сакам да имаме на ум дека движењето *Нов атеизам* е земено како парадигматично од практични разлози, за полесно опрерирање за потребите на оваа анализа,

[2] За оваа аргументација подетално во нашиот труд што го наведовме на почетокот, објавен во зборникот од спомената конференција.

иако резултатите од истата анализа би се однесувале на сциентизмот и атеизмот воопшто што го живееме денеска како Zeitgeist, или ако сакате, како доминантна парадигма на неолибералните вредности. Хуманизмот како идеологија на неолиберализмот е целосно атеистички.

Што во случајов може да открие археологијата на знаењето артикулурано во епистемата на *Новиот атеизам*? Сумарно, на ова се сведува **епистемата на *Новиот атеизам***:

1. религијата е феномен кој може да се проучува (исклучиво) со алатките на природните, емпириските науки; 2. како резултат на таквото проучување таа се појавува како своевиден еволуциски продукт (Докинс), кој ја одиграл својата еволутивна улога; 3. религијата е плод на незнаење, а атеизмот на знаењето 4. и оттука денеска религијата не само што не е потребна, туку е и опасна и како таква треба да се атакува.

Владеачкиот дискурс за религијата, наметнат од оваа научна епистема е дека верувањето е израз на ненаучна свест, на рудиментирана, необразована свест и личност. Тие што веруваат – да бидам отворен – веднаш се прогласуваат за глупи. Во обидот да го „докажат“ тоа, голем дел од критиката на религиите сведуваат на исмевање на религиозните извори, преку „научна“ анализа на истите и пронаоѓање на „бесмислиците“ во нив (како на пример: како Ное можел да ги собере сите животни во една арка!?). Нејсе што се анализира еден феномен со алатките на друг феномен, туку тој феномен – религискиот, неосновано се префрла на нивен терен за таму да се порази. Небаре светите книги се учебници по физика, па сега од аспект на физиката ќе се наоѓаат научните недоследности и фактографски грешки во нив. Оттука заклучуваат дека верниците се неписмени, лековерни и глупи, што покрај денешните научни достигнувања тие сеуште веруваат дека е возможно Ное да ги собрал сите видови на еден чамец!? Доведувајќи го религиозниот феномен на полето на когницијата, мешајќи ја когнитивната и конотивната/волевата и емотивната сфера, овие атеисти си дозволуваат од својата епистемолошка позиција религијата да ја прогласат за лага и измама, верниците за измамени глупаци, а тие за супериорни просветлени што имаат право да просветлуваат, и се разбира во име на тоа просветителство – да бомбардираат на Блискиот Исток. И конечно, науката е единствен извор на знаењето - оттука таа може да биде алтернатива на религијата. На пример, дека е можно да се живее задоволувачки, достоен и морално исправен човечки живот на основа на научните откритија и без религијата. Затоа, религијата треба да се искорени.

Токму овие претпоставки, како подлежечка структура на денешната култура, како доминантна епистема, денеска го одредуваат дискурсот на знаењето за религијата и религиозните феномени и го овозможуваат анимозитетот на општествата кон религиозниот феномен. Дури и уште повеќе, не само анимозитетот, туку оваа епистема го овозможува империјалистичкиот и милитантен дискурс на западните сили кон Исламот и исламските земји само заради нивниот нагласен теизам.

**Моќта на знаењето**

Благодарение на успехот на природните науки, ова нивно интервенирање во сферата на општественото и политичкото, а во случајов и религиозното, создава соодветни *дискурзивни практики*, би рекол Фуко, кои го потиснуваат религиозниот феномен. Дискурзивните практики, Фуко ги разбира како специфичен сет на правила кои ги организираат и продуцираат разните форми на знаење. Овие „суптилни“ правила одредуваат што да се мисли, како да се мисли, што е правилно, што е неправилно. Во оваа смисла, ако науката вели дека сте настанале од мајмун, нема тука што да се буните, го прифаќате тоа како факт (Достоевски), и не само што го прифаќате како факт, туку таквото знаење генерира дискурзивна практика што ви оневозможува алтернатива. Уште повеќе, како што археологијата кај Фуко тоа често го покажува, дискурзивните практики се поврзани со *не-дискурзивни практики.* „Археолошката анализа ги индивидуализира и опишува дискурзивните формации“ [...], ги поврзува, споредува, спротивставува „на не-дискурзивните практики кои ги опкружуваат и кои им служат како генерален елемент за нив“ (Foucault 1972: 68). Тие не-дискурзивни практики се всушност разни политички настани, економски практики, разни општествени процеси, востановени стандарди и сл. кои се артикулација, но и потпора на дискурсот

и дискурзивните практики. Во случајов, може да се види како серија на не-дискурзивни практики ја следат епистемата на *Новиот атеизам*, овозможувајќи му доминација, а оневозможувајќи артикулација на религиозната алтернатива. Конечно, сето ова му овозможува на *Новиот атеизам*, како научно верификувано знаење да ја акумулира, артикулира и асимилира сета алтернативна моќ во општественото ткиво.

Во оваа смисла, релацијата на Фуко за односот *знаење-моќ*, е прилично сигнификантен за објаснување на овој модерен феномен. Ова е централен однос во темите на Фуко и во случајов може да послужи за тематизација на моќта што ја продуцира *Новиот атеизам* потпирајќи се на знаењето. Според Фуко, механизмите на моќта продуцираат различни типови на знаења кои собираат и употребуваат информации за човековите активности и егзистенција. Вака собраното знаење ги засилува прерогативите на моќта во општеството. Несомнено дека никој не може да „приговори“ на знаењето што го продуцираат природните науки. И токму ова го употребува тој дискурс на *Новиот атеизам* за директен атак врз религиозниот дискурс. Собраните знаења против религиозниот феномен, се користат за спречување на таа „девијација“ наречена вера. Ако се има предвид, дека според Фуко, односот знаење-моќ е **конститутитивен** за политичкото, јасно е дека во случајов сведочиме за апсолутна инструментализација на знаењето, кое создава „режим на вистина“[3] (Foucault 1988: 30) во полето на политичкото кое го санкционира секој обид за артикулација на религиозна вистина, или воопшто став. Режимот на вистината на неолиберализмот во овој случај создава антирелигиозен дискурс – отворена исламофобија и антирелигиозност, кој понатаму поттикнува исти такви конкретни историски практики: креирање и злоупотреба на „War on terror“, отворени офанзивни војни на Блискиот Исток, директно мешање во внатрешните работи на исламските земји, нивна контрола...

Кога се говори за моќта како што ја разбира Фуко, треба да се има предвид дека тој не ја разбира како „нешто“, туку попрво како релација, како однос. Во таа смисла треба да се разбере и релацијата помеѓу антирелигиозниот дискурс што го произведува науката и официјалните политики. Таа не делува како „нешто“, ами сите политки во позадина го имаат предвид токму овој однос. Исто така, треба да се има предвид „суптилноста“ на моќта, затоа што како што забележува Фуко, таа не е репресивна, туку попрво продуктивна. И токму ова е она на што се „паѓа“, кога станува збор за *Новиот атеизам*. Имено, секогаш се има впечаток дека тој и науката воопшто се конструктивни, а дека наводната „репресија“ ако и може да се посведочи кај науката, не е репресија, затоа што науката секогаш се повикува на научната оправданост на своите чинови, па макар биле и репресивни. Она што е „во име на науката“, не може да се смета за репресија, додека напротив, репресијата е секогаш на страната на она што е ирационално, ненаучно, неемпириско...а такво видовме беше оквалификувано токму религиозното.

Ова овозможува да се артикулира уште една особина на моќта, како што ја промислува Фуко, а имено дека моќта не е својство карактеристично за државата како институција, орган, ами дека таа се манифестира низ целото социјално тело. Па, во случајов, иако современите држави се секуларни и по ниту еден основ не се допираат со религијата, сепак антирелигиозниот дискурс се манифестира „невидливо“ но доволно силно низ целокупното општествено тело. Во овој случај, навистина е евидентно она што го тврди Фуко дека моќта опрерира на микро-ниво во социјалните релации и дека е омнипрезентна на секое ниво од социјалното тело. Имено, денеска, пред лицето на науката е просто „срамно“ да се легитимирате како верник, затоа што омнипрезентната научна вистина ве делегитимира насекаде.

## Заклучок

[3] Концептот „режим на вистина“, Фуко за прв пат го дискутира во *Дисциплина и казна*, каде зборува за казнениот систем од XIX в. и појавата на формацијата од знаење, техники и `научни` откритија кои се преплетуваат со практиките на моќ за да казнат.

Конечно, моќта на научното знаење и технолошката продукција на животот, конечно ја раѓаат добата на ***биополитиката***. Тоа е пост-политичко доба во која контролата е целосна и главно телесна. Ова е овозможено токму заради акумилирањето на знаењето и негово спротиставување на религиозниот феномен. Конечно, знаењето наспроти незнаењето, науката наспроти религијата. Религијата, мора целосно не само да се отфрли, туку и целосно да се пресече односот кон трансценденцијата, трансенденцијата мора да се укине.

Затоа и политиката се деполитизира, а животот се економизира. Со тоа, конечно умре и **суверeноста и слободата**. Во ерата кога доминира знаењето и преку кое се остварува моќта, умира и поимот на „суверен“ и „суверенитет.“ „Со цел да се изврши конкретна анализа на релациите на моќта, треба да се напушти правното поимање на суверенитетот“ – вели Фуко (Foucault 1997: 59). Класичното разбирање на суверенитетот се потпираше токму на ова разбирање на моќта како ексклузивно право на суверенот. Оттука се црпеше и слободата. Атакот врз трансценденцијата е атак врз слободата.

Едноставно, не може религиозното да остане нерегулирано, затоа мора да биде префрлено во сферата на политичкото, јавното, конечно - биополитичкото; и како што, на пример, сексуалноста за биомоќта не е нешто што се однесува само на задоволството, ами и на знаењето, така и религиозноста мора да премине од исклучиво интимниот живот, во јавниот, политичкиот, поточно, биополитичкиот и регулираниот. Како што сексуалноста преминува од ars erotica во scientia sexualis (Foucault 1990a: 51), така и религиозноста мора од мистика да се претвори во наука, од необјасниво во објасниво, да се симне од недопирливата сфера на трансценденцијата и да премине во полето на иманенцијата. Конечно, од личен, мистичен опит да се претвори во експериментална жаба за сецирање. Сметам дека со атакот на религиозноста како последна инстанца на личната интима, што евидентно, оркестрирано се случува денеска од страна на авторитети во науката, таа моќ на биополитичкото е во својата завршана фаза.

Сето ова мора да се види токму во светло на либерализмот и капиталистичката, т.е. економската логика како доминанта одредница на денешните општествени односи, која не поднесува ирационалност и неодреденост. И токму затоа конечно и духот мораше да стане плот, душата мораше да се претвори во тело, религиозното во политичко. Оти единствено тоа до сега остана не демистифицирано. Сексуалното задоволство е целосно демистифицирано, подведено под техниките на управливост, остана уште верата како последно прибежиште до кое не досегаат рефлекторите на јавното. Конечната пресметка со суверeноста се случува токму преку пресметката со религиозното, оти во прв ред беше и изведена од религиозното. Кога со алатките на науката ќе се демистифицира целосно, ќе се внесе во полето на политичкото, тогаш ќе може да се интервенира во него како во тело, ergo, да се контролира.

Отвореното напаѓање на религијата, особено на Исламот од страна на ова движење наречено *Нов атеизам*, навистина создаде таква клима во која вистината и знаењето се на страната на науката, а сè што носи и мирис на религија е сомнително од аспект на таа вистина и тоа знаење. Ако во *Историјата на сексуалноста* се гледа како се конструира вистината преку вистината на желбата, можеби во некоја ненапишана *Историја на религиозноста*, би можело да се види како се конструира вистината, преку конструирање на вистината за верата. Ако сексуалноста е феномен што требаше да се регулира и со кој требаше да се управува, сместувајќи го во сферата на корисното, тогаш денес тоа дефинитивно е феноменот на религиозноста. Ако сексуалноста, видовме, со нејзината инструментализација повеќе не е „ствар на задоволство“, туку „ствар на знање“, тогаш дефинитивно, *Новиот атеизам* промовирајќи атеистичка култура, тоа го чини со религијата. Конечно, слободата мора да биде уништена во коренот. А ако се има предвид дека таа „не е од овој свет“, ами дека е вкоренета во трансценденцијата, тогаш ударот по тој трансцендентен корен е воедно и завршен удар против слободата.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

[1] Berlinski, David (2008) *The Devil's Delusion: Atheism and its Scientific Pretensions*. New York: Crown Forum.
[2] Dawkins, Richard (1989) *The Selfish Gene*. New York: Oxford University Press.
[3] Dawkins, Richard (2006) *The God Delusion*. Boston and New York: Houghton Mifflin.
Dennett, C., Daniel (2006) *Breaking the Spell: Religion as a Natural Phenomenon*. New York: Penguin Books.
[4] Eagleton, Terry (2009) *Reason, Faith and Revolution: Reflection on God Debate*. New Haven and London: Yale University Press.
[5] Foucault, M. *Society must be defended*. (2003). New York: Picador
[6] Foucault, M. *The Order of Things: An archaeology of the human sciences*. (1989). London: Routledge.
[7] Foucault, M. *Discipline and Punish: The Birth of the Prison*. (1988). New York: Vintage Books.
[8] Foucault, M. *Ethics: Subjectivity and Truth* (1997). New York: The New Press.
[9] Foucault, M. *Madness and Civilization: A History of Insanity in the Age of Reason*. (1988). New York: Vintage Books.
[10] Foucault, M. *Power: The Essential Works of Michel Foucault 1954-1984* Volume 3 (2002) Penguin Books.
[11] Foucault, M. *Security, Territory, Population: Lectures at the Collège de France 1977-1978* (2009). New York: Picador.
[12] Foucault, M. *The Archaeology of Knowledge (and The Discourse on Language)*. (1972). New York: Pantheon Books.
[13] Foucault, M. *The Care of the Self: The History of Sexuality* Volume 3 (1986). New York: Pantheon Books.
[14] Foucault, M. *The History of Sexuality* Volume 1 (1990 a). New York: Vintage Books.
[15] Foucault, M. *The Use of Pleasure: The History of Sexuality* Volume 2 (1990 b). New York:
[16] Foucault, M. *The Will to Knowledge: The History of Sexuality* Volume 1 (1978). New York: Pantheon Books.
[17] Gould Jay, Stephen (2002) *The Rock of Ages: Science and Religion in the Fullness of Life*. New York: Ballantine Books.
[18] Habermas, Jürgen (2008) *Between Naturalism and Religion*, Malden, MA: Polity.
[19] Harris, Sam (2005) *The end of faith: Religion, Terror and the Future of Reason*. New York and London: W.W. Norton & Company.
[20] Hedges, Chris (2009) *When atheism becomes religion*. New York: Simon and Shuster.
[21] Hitchens, Christopher (2009) *God Is Not Great: The Case Against Religion*. New York: Twelve Books.
[22] Hoking, Stephen and Mlodinov, Leonard (2010) *The Grand Design*. New York: Bantam Books.
[23] Jones, James (2016) *Can Science Explain Religion?: The Cognitive Science Debate*, New York: Oxford University Press
[24] LeDrew, Stephen (2015) *The Evolution of Atheism: The Politics of a Modern Movement*. New York: Oxford University Press.
[25] Marx, Karl (1970) *Critique of Hegel`s Philosophy of Right*. Cambridge: Cambridge University Press
[16] Numbers, Ronald, L. and Kampourakis, Kostas, ed. (2015) *Newton's Apple and Other Myths about Science*. Massachusetts and London: Harvard University Press.
[27] Werleman, C.J. (2015) *The New Atheist Threat: The Dangerous Rise of Secular Extremists* London Dangerous Little Books,
[28] White, Curtis (2013) *The Science Delusion: Asking the Big Questions in a Culture of Easy Answers*. Brooklyn and London: Melville House.